СЕГА СО ПОДОБРИОТ СИСТЕМ И НОВИТЕ ЗАКОНИ ЗА НАСИЛСТВО ВО СЕМЕЈСТВОТО, ПОЛЕСНО Е ДА СЕ КАЖЕ

# ДОСТА Е

## ДОМАШНО НАСИЛСТВО. НА НАШАТА ЗАЕДНИЦА И Е ДОСТА ОД ТОА.

Владата на Викторија воведе нови закони за подобро да ја заштити нашата заедница од домашно насилство и да ги присили извршителите повеќе да одговараат за нивните постапки. Со новите закони се опфаќаат сите видови на домашно насилство и најразлични видови на семејства и заедници слични на семејства.

Ако вие, или некое лице кое го познавате, сте изложени на домашно насилство од било каков вид, сега ќе биде полесно да кажете ‘доста веќе’.

### Што е домашно насилство?

Домашното насилство е штетно однесување кое се јавува кога некој му се закaнува на член од семејството или го контролира преку страв. Тоа може да вклучува физичка повреда, сексуално обесчестување, емотивна и економска злоупотреба и може да се однесува на:

- Неразумно контролирање на лице зависно од финансиска поддршка преку задржување на пари за разумни животни трошоци.
- Заканување дека ќе биде повреден друг член од семејството или домашно галениче со намера да се заплаши лицето.
- Расистичко исмејување со кое се нанесува емотивна повреда.
- Спречување лицето да има контакти со други членови од семејството или пријатели со цел тој/таа да се измачува.

### Кои видови на врски се опфатени со новите закони?

Според новите закони, со дефиницијата на домашно насилство се опфаќаат различни видови на семејства и заедници слични на семејства, вклучувајќи:

- брачни двојки
- двојки кои живеат во граѓански заедници
- двојки кои живеат во вонбрачни заедници
- хомосексуални и лезбиски двојки
- родители и деца
- роднини
- онеспособени лица кои живеат со нивните негуватели во заедница слична на семејство.

## СЕКОЈА ПЕТТА ЖЕНА Е ЖРТВА НА ДОМАШНО НАСИЛСТВО.

### Што е Family Violence Protection Act 2008 (Одредба за заштита од домашно насилство од 2008 г.)?

Со Одредбата за заштита од домашно насилство од 2008 г. се воведуваат нови закони кои ќе стапат на сила во декември 2008 г. Новите закони имаат за цел:

- Да осигураат нашата заедница да биде побезбедна од домашно насилство
- Да се присилат извршителите на домашно насилство да одговараат повеќе за нивното однесување
- Да се намали стапката на домашно насилство во нашата заедница.

### Што ќе значат новите закони за нашата заедница?

Со Одредбата за заштита од домашно насилство од 2008 г.:

- Ќе се прошири дефиницијата на домашно насилство за таа да може да вклучува економска и емотивна злоупотреба, како и други видови на заканување и контролирање.
- Ќе и се даде поголема моќ на полицијата за таа да може побрзо и поефикасно да одговара на домашното насилство.
- Ќе им се помогне на жртвите на домашно насилство полесно да можат да ги прилагодуваат договорите за наем на куќа/стан со цел да им се овозможи да продолжат да живеат во нивните домови ако го сакаат тоа.

СЕГА СО ПОДОБРИОТ СИСТЕМ И НОВИТЕ ЗАКОНИ ЗА НАСИЛСТВО ВО СЕМЕЈСТВОТО, ПОЛЕСНО Е ДА СЕ КАЖЕ

# ДОСТА Е

- Ќе се подобри судскиот систем за да се поттикне поголемо пријавување на случаи на домашно насилство од страна на жртвите, вклучувајќи ограничување на виновниците накрстно да ги испрашуваат нивните жртви.
- Подобро ќе се заштитуваат Викторијците кои се подлежни на домашно насилство.

## ДОМАШНОТО НАСИЛСТВО НИКОГАШ НЕ Е ПРИФАТЛИВО.

### Како домашното насилство влијае на Викторијците?

Домашното насилство има катастрофални последици врз жртвите и пошироката заедница. Иако секој може да биде жртва или извршител на домашно насилство, во најголем број на случаи, домашното насилство го извршуваат мажи врз жени, деца и други лица кои се подлежни на тоа. Домашното насилство е:

- Водечки причинител на смрт, онеспособеност и болести кај жените во нашата заедница на возраст меѓу 15 и 44 години, при што секоја петта жена е жртва на домашно насилство.
- Фактор во 52% од потврдените случаи за заштита на деца. Децата кои се сведоци на домашно насилство може да станат нервозни и повлечени, да постигнуваат слаби резултати на училиште, да имаат тешкотии при социјализирање и да преживеат разни други последици во нивниот развој.

### Што друго прави владата на Викторија за да се справи со домашното насилство?

Од 2005 г., владата на Викторија одвои над 75 милиони долари за да се справи со домашното насилство, вклучувајќи:

- Финансиска поддршка за програми наменети за менување на однесувањето на мажите.
- Повеќе ресурси и посебна обука за полицијата за таа да може подобро да реагира во ситуации на домашно насилство.
- Специјалисти во неколку судови за прекршоци посебно одредени за домашно насилство за да им се понуди поголема поддршка на жртвите.

## МОЖЕ ДА СЕ ДОБИЕ ПОМОШ

### Каде можам да се обратам за помош или повеќе информации?

Ако вие, или некое лице кое го познавате, сте изложени на домашно насилство, постојат повеќе бесплатни услуги и видови на поддршка со кои може да ви се помогне.

**За членовите од заедницата кои се жртви на домашно насилство**
(По барање може да се разговара со двојазичен персонал или да се користат преведувачи):

Immigrant Women's Domestic Violence Service (Служба за заштита на жени-доселеници од домашно насилство) на 1800 755 988.

**Жени и деца кои се изложени на домашно насилство** (По барање може да се добијат преведувачи):

Women's Domestic Violence Crisis Service (Служба за заштита на жени во кризни ситуации на домашно насилство) на 1800 015 188.

**Мажи кои сакаат да прекинат со насилството и малтретирањето на членовите од семејството**
(По барање може да се добијат преведувачи):

Men's Referral Service (Служба за упатување на мажи) на 1800 065 973.

**Victims of Crime Helpline (Информативна линија за помош на жртви на криминал)**
(По барање може да се добијат преведувачи):

Им нуди информации, совети и упати на жртвите на домашно насилство. 1800 819 817 (од понеделник до петок, од 8 ч. наутро до 11 ч. навечер)

**Во ургентен случај, за помош секогаш телефонирајте на 000.**

## СЕКОЈ ИМА ПРАВО ДА СЕ ЧУВСТВУВА БЕЗБЕДЕН ВО СОПСТВЕНИОТ ДОМ.